# Извештај на независните ревизори

До Раководството и Акционерите на
ФЗЦ 11 Октомври а.д., Куманово

Бевме ангажирани да извршивме ревизија на придружните финансиски извештаи на ФЗЦ 11 Октомври ад, Куманово ("Друштвото"), составени од Извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2010 година, и Извештајот за сеопфатната добивка, Извештајот за промените во капиталот, и Извештајот за паричните текови за годината што тогаш заврши, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки, вклучени на страните 3 до 37.

### Одговорност на Раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за изготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи согласно Меѓународните Стандарди за Финансиско Известување, како и за воспоставување на таква внатрешна контрола која Раководството утврдува дека е неопходна за да овозможи изготвување на финансиски извештаи кои не содржат материјално значајни грешки како резултат на измама или грешка.

### Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на ревизија спроведена во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Заради прашањата опишани во пасусот Основа за воздржување од мислење, ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за нашето ревизорско мислење.

### Основа за воздржување од давање мислење

Како што е опишано во Белешка 9.1 кон финансиските извештаи, на 31 декември 2010 година, од вкупното салдо на вложувања, износот од 93,949 илјади Денари претставува вложувања во акции и учество во капиталот кај домашни и странски правни субјекти каде постои значајно сомневање во однос на нивната надоместливост, а за кои не е извршено соодветно резервирање поради оштетување на датумот на известување.

Како што е тоа понатаму опишано во Белешка 11 кон финансиските извештаи, на 31 декември 2010 година, салдото на евидентираното резервирање од оштетување на

побарувањата од купувачите и извозниците, како и дадените аванси на добавувачите, изнесува 211,057 илјади Денари.

Како што е тоа понатаму опишано во Белешка 12 кон финансиските извештаи, на 31 декември 2010 година, од вкупниот износ на паричните средства и краткорочните депозити кај домашни банки, 520,433 илјади Денари се концентрирани кај една домашна банка, врз која на почетокот од 2004 година е поведена и сеуште е во тек, стечајна постапка. Резервирањето поради нивно оштетување, извршено врз основа на оспорени пријавени побарувања во стечајната маса, на датумот на известување, изнесува 133,288 илјади Денари.

Врз основа на извршените стандардни и алтернативни ревизорски процедури, ние не бевме во можност да стекнеме разумно уверување во однос на адекватноста на евидентираните резервирања поради оштетување кај вложувањата, понатаму, побарувањата од купувачите и извозниците, дадените аванси на добавувачите, како и кај паричните средства и краткорочните депозити, на датумот на известување.

### Воздржување од давање мислење

Поради значајноста на прашањата објаснети во претходните пасуси, ние не бевме во можност да пробавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизијата. Следствено, ние не изразуваме мислење за придружните финансиски извештаи.

### Нагласок врз одредени прашања

Како што е тоа подетално опишано во Белешка 13 кон финансиските извештаи, на датумот на издавањето на овие финансиски извештаи, сеуште е во тек судска постапка, покрената од страна на странскиот правен субјект Cupbal Gmbh ie und Transit Handel, Frankfurt am Meine, за утврдување на сопственоста на мнозинскиот пакет на акции.



**Grant Thornton**,
Скопје,
25 март 2011 година